# Службен весник на Република Македонија

Број 109 | 21 јули 2014, понеделник | година LXX

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3180. | **Закон** за изменување на Законот за субвенционирање на станбен кредит | 3 |
| 3181. | **Закон** за изменување на Законот за пратениците | 4 |
| 3182. | **Одлука** за помилување на осудени лица | 4 |
| 3183. | **Одлука** за пренесување на недвижен имот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје | 5 |
| 3184. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на решение за овластување на правното лице за техничка служба и потребната придружна документација | 5 |
| 3185. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето заради недонесување на одобрение за единечно одобрување на возило односно недонесување на решение за одбивање на барањето за одобрение за единечно одобрување на возило | 7 |
| 3186. | **Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани | 9 |
| 3187. | **Правилник** за Програмата за полагање на испитите и постапката за добивање на сертификатот за обучувачи за учество на возачите во меѓународниот превоз на патници и стоки и сертификатот за обучувачи за професионална компетентност | 9 |
| 3188. | **Правилник** за изменување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација | 11 |
| 3189. | **Правилник** за изменување на Правилникот за поблиските услови што треба да ги исполнуваат правните лица што вршат стручно оспособување, програмата за спроведување на обуката како и формата и содржината на потврда за учество во обука за стручно оспособување за управување и/или постапување со отпад | 11 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3190. | **Правилник** за изменување на Правилникот за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците | 13 |
| 3191. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување | 15 |
| 3192. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за постапувањето со отпадните батерии и акумулатори и начинот на неговото доставување, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција за количините и видовите на батерии и акумулатори кои се пуштени на пазар во Република Македонија | 17 |
| 3193. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори | 21 |
| 3194. | **Правилник** за формата и содржината на испратниците и за формата и содржината на Регистарот на издадени и заверени испратници | 23 |
| 3195. | **Правилник** за формата и содржината на образецот и начинот на водење на дневникот за извадено количество на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела | 27 |
| 3196. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на дозволата за вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела | 30 |
| 3197. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | 37 |
| 3198. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | 37 |
| 3199. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | 37 |
| 3200. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | 37 |
| 3201. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | 37 |
| 3202. | **Оглас** од Судскиот совет на Република Македонија | 37 |
| 3203. | **Одлука** за исплата на надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чија листа на кандидат е избран претседател на Република Македонија за 2014 година и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за претседател на Република Македонија | 38 |
| 3204. | **Одлука** за исплата на надоместокот на трошоците за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 27 април 2014 година на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија и на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран пратеник во Собранието на Република Македонија, а кои освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на изборна единица | 38 |
| 3205. | **Одлука** на Советот на Јавните обвинители на Република Македонија | 39 |
| 3206. | **Одлука** од Советот на јавните обвинители на Република Македонија | 39 |
| 3207. | **Одлука** за избор на јавен обвинител за времено упатување во друго јавно обвинителство најмногу до 6 (шест) месеци | 40 |
| 3208. | **Одлука** за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 40 |
| 3209. | **Одлука** за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 42 |
| 3210. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија | 44 |
| | **Огласен дел** | 1-68 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3180.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТАНБЕН КРЕДИТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за субвенционирање на станбен кредит,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2014 година.

Бр. 07-2833/1
15 јули 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТАНБЕН КРЕДИТ

Член 1

Во Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ број 158/11, 24/13 и 43/14), во членот 9 став (2) процентот „4,99%“ се заменува со процентот „3,95%“.

Во ставоот (3) зборовите: „се зголеми најмногу за 10% од утврдениот износ во ставот 2 на овој член“ се заменуваат со зборовите: “изнесува најмногу до 4,44% годишно“.

Член 2

Деловните банки имаат право на надоместок на разликата на износот на намалената каматна стапка за субвенциониран станбен кредит кој го одобруваат на физичко лице, согласно овој закон.

Средствата за надоместокот од ставот 1 на овој член ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за финансии годишно однапред, по претходно доставена документација од деловните банки.

Начинот на пресметка на надоместокот од ставот 1 на овој член ќе се утврди во договорот од членот 8 став (4) од Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ број 158/11, 24/13 и 43/14).

Средствата за надоместокот од ставот 1 на овој член се неповратни во случај на редовна отплата на субвенционираниот кредит.

Во случај на наплата на субвенционираниот кредит во постапка за присилна наплата, односно извршување, надоместокот од ставот 1 на овој член доспева за наплата заедно со субвенционираниот кредит и корисниците се должни да го вратат веднаш на Министерството за финансии преку деловната банка.

Во случај на предвремена доброволна отплата на субвенционираниот станбен кредит пред истекот на десеттата година од отплатата на кредитот, надоместокот од ставот 1 на овој член достасува за наплата заедно со субвенционираниот станбен кредит и корисниците се должни да го вратат веднаш на Министерството за финансии преку деловната банка.

По исклучок од ставот 4 на овој член, во случај на предвремена доброволна отплата на субвенционираниот станбен кредит по истекот на десеттата година од отплатата на кредитот, средствата за надоместокот од ставот 1 на овој член се неповратни, односно корисниците не ги враќаат на Министерството за финансии преку деловната банка.

Член 3

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од законот по кој се започнати.

Член 4

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за субвенционирање на станбен кредит.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SUBVENCIONIM TË KREDISË BANESORE

Neni 1

Në Ligjin për subvencionim të kredisë banesore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 158/11, 24/13 dhe 43/14), në nenin 9 paragrafi (2) përqindja “4, 99%” zëvendësohet me përqindjen "3,95%“.

Në paragrafin (3) fjalët: “rritet më së shumti për 10% nga shuma e përcaktuar në paragrafin 2 të këtij neni” zëvendësohen me fjalët: “është më së shumti deri në 4, 44 % në vit”.

Neni 2

Bankat afariste kanë të drejtë kompensimi të dallimit të shumës së shkallës së zvogëluar të kamatës për kredi të subvencionuar banesore që ia miratojnë personit fizik, në pajtim me këtë ligj.

Mjetet për kompensimin nga paragrafi 1 i këtij neni do të sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, nëpërmjet Ministrisë së Financave çdo vit paraprakisht, sipas dokumentacionit të dorëzuar paraprakisht nga bankat afariste.

Mënyra e përllogaritjes së kompensimit nga paragrafi 1 i këtij neni, do të përcaktohet në marrëveshjen nga neni 8 paragrafi (4) të Ligjit për subvencionim të kredisë banesore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 158/11, 24/13 dhe 43/14).

Mjetet për kompensim nga paragrafi 1 i këtij neni janë të pakthyeshme në rast të pagesës së rregullt të kredisë së subvencionuar.

Në rast të arkëtimit të kredisë së subvencionuar në procedurë për arkëtim të detyrueshëm, përkatësisht përmbarimit, kompensimi nga paragrafi 1 i këtij neni maturohet për arkëtim së bashku me kredinë e subvencionuar dhe shfrytëzuesit janë të detyruar që t’ia kthejnë menjëherë Ministrisë së Financave përmes bankës afariste.

Në rast të pagesës së parakohshme vullnetare të kredisë së subvencionuar banesore para kalimit të vitit të dhjetë nga pagesa e kredisë, kompensimi nga paragrafi 1 i këtij neni maturohet për arkëtim së bashku me kredinë e subvencionuar banesore dhe shfrytëzuesit janë të detyruar që t'ia kthejnë menjëherë Ministrisë së Financave përmes bankës afariste.

Me përjashtim nga paragrafi 4 i këtij neni, në rast të pagesës së parakohshme vullnetare të kredisë së subvencionuar banesore pas kalimit të vitit të dhjetë të pagesës së kredisë, mjetet për kompensimin nga paragrafi 1 i këtij neni janë të pakthyeshme, përkatësisht shfrytëzuesit nuk ia kthejnë Ministrisë së Financave përmes bankës afariste.

Neni 3

Procedurat e filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me dispozitat e ligjit sipas të cilit kanë filluar.

Neni 4

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për subvencionim të kredisë banesore.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3181.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пратениците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2014 година.

Бр. 07 – 2836/1
15 јули 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ

Член 1

Во Законот за пратениците ("Службен весник на Република Македонија" број 84/2005, 161/2008 и 51/11), во членот 36 ставот 1 се менува и гласи:

„Пратеник во Собранието може да остварува плата и по престанувањето на мандатот за време до една година, и тоа:

- три месеци, ако мандатот на пратеникот траел до шест месеци,
- шест месеци, ако мандатот на пратеникот траел од шест месеци и еден ден до 12 месеци,
- девет месеци, ако мандатот на пратеникот траел од 12 месеци и еден ден до 24 месеци и
- 12 месеци, ако мандатот на пратеникот траел 24 месеци и еден ден и повеќе."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR DEPUTETË

Neni 1

Në Ligjin për deputetë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 84/2005, 161/2008 dhe 51/11), në nenin 36 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Deputeti në Kuvend mund të realizojë rrogë edhe pas ndërprerjes së mandatit për kohë deri në një vit, si vijon:

- tre muaj, nëse mandati i deputetit ka zgjatur deri në gjashtë muaj,
- gjashtë muaj, nëse mandati i deputetit ka zgjatur prej gjashtë muaj e një ditë deri në 12 muaj,
- nëntë muaj, nëse mandati i deputetit ka zgjatur prej 12 muaj e një ditë deri në 24 muaj dhe
- 12 muaj, nëse mandati i deputetit ka zgjatur 24 muaj e një ditë e më tepër."

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3182.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеа 9 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 и член 1-а од Законот за помилување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93 и 12/2009), Претседателот на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободува од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осуденото лице:

1. ДАРКО МИЦЕ НИКОЛОВСКИ од с.Гујновци, Пробиштип.

II

Извршувањето на изречената казна затвор им се замени со условна осуда за време од 2 години на осудените лица:

1. НАГИП ФАДИЛ ИЗАИРИ од с.Чегране, Гостивар, во траење од 3 месеци
2. САДИК НИЗАМЕДИН МУХАМЕД од Гостивар, во траење од 4 месеци.

III

Извршувањето на изречената казна затвор им се замени со условна осуда за време од 3 години на осудените лица:

1. ВИОЛЕТА ДИМИТАР ТАСЕВА од Гевгелија, во траење од 5 месеци

2. ДЕАН ВЕНЦИ ТАСЕВ од Гевгелија, во траење од 5 месеци.

IV

Делумно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. ШАКИР ИБРАХИМ ШКРИЕЉ од Скопје, во траење од 6 месеци.

2. ТАХИР АКИФ ТАХИР од Скопје, во траење од 6 месеци.

3. АТАНАС ЛАЗО МИРКОВ од Скопје, во траење од 6 месеци.

4. ГОРАН СТАНКО ВЕЛИЧКОВИЌ од Скопје, во траење од 6 месеци.

5. РИСТО МИЛЕ МИТРЕВСКИ од Битола, во траење од 6 месеци.

6. ШКЛЌИМ БУСЛИМ КРАСНИЌИ од Каваја, Република Албанија, во траење од 6 месеци.

7. ДАЛИП АДЕМ ЕТЕМИ од Скопје, во траење од 9 месеци.

8. АГИМ РАСИМ ЌАИЛИ од Скопје, во траење од 6 месеци.

9. ПАВЛЕ СТЕВАН ГУЛЕВСКИ од Велес, во траење до 6 месеци.

10. ДАРКО ДРАГАН ЈОВАНОВСКИ од Крива Паланка, во траење од 3 месеци.

11. СТЕФАН САШО РИСТЕВСКИ од Битола, во траење од 6 месеци.

V

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07- 453/1
18 јули 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3183.**

Врз основа на член 2 од Законот за дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“, бр. 123/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.7.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се пренесува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје недвижен имот и тоа:

- Објект во Ниш, на улица „Обеличев венац“ број 78, кој се наоѓа на КП бр. 2959, КО Бубањ, со вкупна површина на деловен простор од 80,70 м2.

Член 2

Оваа одлука е основ за запишување на недвижниот имот од член 1 на оваа одлука на име на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-4040/2
14 јули 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**3184.**

Врз основа на член 56 став (3) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13 и 164/13) министерот за економија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА И ПОТРЕБНАТА ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на решение за овластување на правното лице за техничка служба и потребната придружна документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/13), Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25-1527/5
8 јули 2014 година
Скопје

Министер за економија,
**Беким Незири,** с.р.

**ПРИЛОГ**

ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Орган за одобрување – Биро за метрологија

БАРАЊЕ
за добивање на Решение за овластување на правното лице за техничка служба

Ве молиме да ни издадете Решение за овластување на нашето правно лице за техничка служба, согласно член _____, став _____, од Правилникот за ______________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

Назив на правното лице подносител на барањето:

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

Седиште на правното лице:

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) ______________________________

Единствен даночен број на субјектот (ЕДБС) ______________________________

Лице за контакт ______________________________________________

Телефон за контакт ______________________________________________

Скопје, м.п.* Подносител на барањето

__________ година ______________________

*„За трговските друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва".

**3185.**

Врз основа на член 17 став 8 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13 и 164/13), министерот за економија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛО ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛО**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето заради недонесување на одобрение за единечно одобрување на возило односно недонесување на решение за одбивање на барањето за одобрение за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/11), Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25–1533/3
8 јули 2014 година
Скопје

Министер за економија,
**Беким Незири**, с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО : ОРГАНОТ ЗА ОДОБРУВАЊЕ – БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА**

**СКОПЈЕ**

**Број:** _____________
**Датум:**_____________

**БАРАЊЕ**
**заради недонесување на одобрение за единечно одобрување на возило**
**односно недонесување на решение за одбивање на барањето**
**за одобрение за единечно одобрување на возило**

1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ:

1. Кој го поднесува барањето (назив на правно лице/име и презиме на физичко лице):

_______________________________________________________________________________

2. Седиште на барателот (седиште на правно лице/адреса на физичко лице) :

- Улица ____________________________ број _____ - телефон ________________________
- Е-адреса (е-маил): _________________________________________________________________
- Општина _________________________ - Место _________________________

3. Својство на барателот (сопственик,управител,овластен полномошник)

_______________________________________________________________________________

4. Причини за поднесување на барањето

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

5. Приложени документи кон барањето:

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

**Напомена:** Подносителот на барањето, со барањето ја поднесува целокупната документација во копија и приложува уплатница за платена административна такса од 50 денари.

Скопје, Подносител на барањето

__________ година м.п*. ___________________________

* „За трговските друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва“

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3186.**

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14 и 44/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на Статутарната Одлука за изменување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, број 01-626/1 донесен од Управниот одбор на Јавната установа на седницата одржана на 2.7.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-5533/2
16 јули 2014 година
Скопје

Министер,
**Диме Спасов**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**3187.**

Врз основа на член 8-д став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13 и 42/14), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ ЗА ОБУЧУВАЧИ ЗА УЧЕСТВО НА ВОЗАЧИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И СТОКИ И СЕРТИФИКАТОТ ЗА ОБУЧУВАЧИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува програмата за полагање на испитите и постапката за добивање на сертификатот за обучувачи за учество на возачите во меѓународниот превоз на патници и стоки и сертификатот за обучувачи за професионална компетентност.

Член 2

Кандидатите кои сакаат да добијат сертификат за обучувачи за учество на возачите во меѓународниот превоз на патници и стоки и/или сертификат за обучувачи за професионална компетентност, треба да поднесат барања за добивање на сертификатите во Министерството за транспорт и врски.

Член 3

Врз основа на поднесените барања, се врши проверка на знаењата од областа на транспортот на патници и стоки во патниот сообраќај, од страна на Комисија формирана во Министерството за транспорт и врски.

Програмата врз основа на која се врши проверката на знаењата е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Датумите за одржување на испитите за проверка на знаењата се објавуваат на ВЕБ страната на Министерството за транспорт и врски.

Член 5

Пред почетоткот на полагањето на испитот за проверка на знаењата, Комисијата го проверува и утврдува идентитетот на кандидатите.

Член 6

Испитот за добивање на сертификатот се состои од теоретски дел кој се полага писмено во форма на тест.

Тестот за полагање на испитот се состои од 45 прашања од тематските области определени во Програмата од член 3 од овој правилник, со заокружување на точниот одговор од четирите понудени одговори.

Испитот трае 120 минути.

Член 7

На кандидатот кој покажал задоволителни резултати при проверката на знаењата, со одговорени минимум 70 % од прашањата, му се издава Сертификат за обучувач за учество на возачите во меѓународниот превоз на патници и стоки и/или Сертификат за обучувачи за професионална компетентност.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-9530
2 јули 2014 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески**, с.р.

**Прилог**

**П Р О Г Р А М А**
**За добивање на сертификатот за обучувачи за учество на возачите во меѓународниот превоз на патници и стоки**

1. Безбедност на сообраќајот на патиштата
- максимално дозволени периоди на работа специфични за професионалните возачи;
- принципи и примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и АЕТР спогодбата кои се однесуваат на возачките часови;
- казни за неупотребување, несоодветно употребување и намерно оштетување на тахографот.
- ефекти од алкохол, дроги или други супстанции кои влијаат на однесувањето;

- видови на незгоди во патниот превоз (проценка на ситуација и избегнување на незгода, давање на прва помош на повредени, повикување на итни служби за давање на помош, постапки во случај на пожар и друго);

2. Меѓународен превоз на стоки
- познавање на правната регулатива и потребната документација за извршување на овој вид на превоз;
- видови на меѓународни дозволи за извршување на превоз;
- основни познавања за ТИР Конвенцијата;
- основни познавања од АДР Спогодбата;
- основни познавања на ЦМР Конвенцијата;
- основни познавања на АТП Спогодбата;
- основни познавања при превоз на жива стока;
- основни познавања од шпедитерската дејност и соработка со шпедитерските фирми;
- распоред на товарот, последици од осно преоптоварување;
- стабилност на возилото и центар на гравитација;
- видови на пакувања и палети;
- техники на прицврстување и обезбедување;
- користење на сигурносни ленти (гуртни), средства за обезбедување, друга прирачна опрема, одржување на церадите.

3. Меѓународен превоз на патници
- познавање на правната регулатива и потребната документација за извршување на овој вид на превоз;
- видови на превоз (линиски и слободен);
- основни познавања на ИНТЕРБУС Спогодбата;
- потребна документација за извршување на одделни видови на превоз;
- Обезбедување комфор и безбедност на патниците:
- регулирање на надолжните и страничните движења, поставеност во однос на патните ленти, „мазно“ кочење;
- користење на специфична инфраструктура (јавни површини, посебни ленти);
- комуникација со патниците;
- специфичности на одредени групи на патници (лица со посебни потреби, деца).

- За добивање на сертификатот за обучувачи за професионална компетентност
1. Договори за превоз во патниот превоз
- Видови на договори кои се користат во патниот превоз, како и правата и обврските кои произлегуваат од нив.
- Составување на законски валиден договор за превоз, посебно во однос на условите за превоз;
- Справување со барања кои се однесуваат на оштетување или губење на стоката за време на превозот, или кои се однесуваат на надоместоци за доцнења, како и влијание на овие барања врз одговорноста на превозникот според договорот.

2. Организација на трговските друштва
- Познавање на организационите форми на трговските друштва, како и правилата кои се однесуваат на нивното основање и работење.
- Правила за основање на транспортна фирма;
- Регулативи кои се однесуваат на јавниот превоз во патниот сообраќај, пристап кон професијата патен транспортер, лиценци за превоз во внатрешниот и меѓунаридниот патен сообраќај,, контроли и санкции;
- Услови и документација за вршење на дејноста, основни обврски кон кои треба да се придржуваат превозниците (регистрација, чување на документација, итн.) и последиците од стечај;

3. Работни односи
- Улога и функција на разните социјални институции кои се во врска со патниот превоз (синдикати, трудови инспектори, итн.);
- Обврски на работодавачот кон на своите вработени (социјално осигурување, платено отсуство, наградувања, раскинување на договори итн).;
- Познавање на правилата за часови за работа, возење, паузи, дневни и седмични одмори на екипажите на возилата во домашниот и меѓународниот патен превоз.

4. Даноци, такси и надоместоци
- ДДВ на услугите за превоз;
- Данок на приход;
- Давачки за возниот парк, регистрација на возилата, итн;
- Надоместоци за користење на патиштата и патната инфраструктура.

5. Финансиско работење
- Трошоци на работењето (фиксни трошоци, променливи трошоци, работен капитал, амортизација, итн.) и пресметка на трошоците по возило, по километар, по патување или по тон;
- Принципи на маркетингот, рекламирањето и јавните односи, вклучувајќи продажба и промоција на транспортни услуги, припрема на податоци за коминтентите, итн.
- Видови на кредит (банков кредит, документарен кредит, гарантни депозити, хипотеки, лизинг, закуп, итн.) и давачки и обврски кои произлегуваат од нив;
- Видови на осигурување кои се однесуваат на патниот превоз на стока и гаранции и обврски кои произлегуваат од нив;
- Биланс на состојба, како е составен и како се интерпретира;
- Биланс на успех, читање и интерпретирање;
- Проценка на профитабилноста и финансиската состојба на некоја фирма врз основа на финансиските показатели;
- Планирање и обезбедување на финансиски средства за работа.

6. Технички стандарди на превозните операции
- Максимално дозволени тежини и димензии на возилата во земјата и процедури во случај на вонредни превози;
- Избор на возила и нивни компоненти (шасија, мотор, систем за трансмисија, систем за кочење. итн.) согласно со превозните операции;

- Формалностите кои се однесуваат на одобрување на типот, регистрацијата и техничкиот преглед на возниот парк;
- Мерки кои треба да се превземат и екостандарди кои се применуваат за намалување на бучавата и намалување на аерозагадувањето од емисиите на моторните возила;
- Составување на периодични планови за одржување на возилата и нивната опрема;
- Запознавање со начините на ракување со различните стоки и средства за пакување (контејнери, палети, итн.) и воспоставување на процедури за утовар и истовар на стоки (распоредување на товарот, прицврстување и осигурување на товарот, итн.);
- Запознавање со различните техники на комбиниран транспорт на товарните возила
- Примена на правилата за превоз на опасни стоки и отпади (Спогодба АДР);
- Примена на правилата за превоз на расипливи прехрамбени производи (Спогодба АТП);
- Примена на правилата за превоз на живи животни.

7. Безбедност на сообраќајот на патиштата
- Потребни квалификации за возачите (возачка дозвола, здравствено уверение, итн.);
- Контрола на возачите дали се придржуваат кон правилата во сообраќајот, забраните и ограничувањата (ограничувања на брзината, приоритети, ограничување за паркирање и чекање, користење на светла, знаци на патиштата, итн.);
- Инструкции за возачите за усогласеност со барањата за безбедност во однос на возилата, нивната опрема и стока која ја превезуваат, и превентивните мерки кои треба да се превземат;
- Процедури кои треба да се применат во случај на незгода и процедури за превентива од повторување на незгоди или сериозни сообраќајни прекршоци;
- Елементарни познавања за патната мрежа во Македонија;
- Основни сообраќајни прописи во европските земји;
- Елементарни познавања за патната мрежа во Европа.

---

**3188.**

Врз основа на член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13 и 44/14), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ ВО УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Во Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/11, 162/12 и 95/13) во член 5 став (1) во алинејата 3 точката и запирката се заменуваат со сврзникот “и“.

Алинејата 4 се брише.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-10087 | Министер |
| 10 јули 2014 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески**, с.р. |

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**3189.**

Врз основа на член 38 став (16) од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија” бр. 68/04, 107/07,102/08, 143/98, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13 и 163/13), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ШТО ВРШАТ СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО ВО ОБУКА ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И/ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД**

Член 1

Во Правилникот за поблиските услови што треба да ги исполнуваат правните лица што вршат стручно оспособување, програмата за спроведување на обуката како и формата и содржината на потврда за учество во обука за стручно оспособување за управување и/или постапување со отпад („Службен весник на Република Македонија” бр. 74/11 ), Прилогот 2 се заменува со нов Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-2318/4 | Министер за животна средина |
| 11 јули 2014 година | и просторно планирање, |
| Скопје | **Нурхан Изаири**, с.р. |

Прилог 2

ПОТВРДА

ЗА УЧЕСТВО ВО ОБУКА ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И/ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД

Лицето ________________ (име и презиме, и адреса, ) редовно ја посетуваше обуката од _________до ________ , во ______________(назив и адреса на правно лице ) за управување и/или постапување со отпад.

_________________________ М.П(*) _________________________

Место и датум на издавање потпис на одговорно лице

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјален печат согласно Законот за трговските друштва.

**3190.**

Врз основа на член 68 став ( 5) од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија” бр. 68/04, 107/07,102/08, 143/98, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13 и 163/13), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКИТЕ И НАЧИНОТ НА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, СКЛАДИРАЊЕ, ТРЕТМАН И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ МАСЛА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ**

Член 1

Во Правилникот за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка,складирање, третман и отстранување на отпадните масла,начинот на водење евиденција и доставување на податоците („Службен весник на Република Македонија” бр. 156/07), Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-2324/4
11 јули 2014 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Нурхан Изаири**, с.р.

Прилог

Образец за евиденција на отпадни масла

| |
|---|
| 1. Вид на отпадно масло (име)<br>______________________________________________________<br>2. Шифра на отпадното масло (од Листата на видови отпад)<br>□□□□□□□□<br>3. Количина на отпадни масла<br>______________________________________________________ |
| 4. Локација на која правното или физичкото лице кое поседува отпадни масла и го врши известувањето<br>Адреса<br>______________________________________________________<br>Поштенски број Место |
| 5. Потекло<br>Испраќач<br>Адреса<br>______________________________________________________<br>Поштенски број Место |
| 6. Датум на испраќање<br>______________________________________________________ |
V. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2842/1
16 јули 2014 година
Скопје

Претседател
на Државната изборна комисија,
**Никола Рилкоски**, с.р.

---

**3204.**

Врз основа на член 31 став 2 точка 26, а во врска со членовите 86 и 88 ставовите 1 и 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13 и 34/13 и 14/2014), а во врска со Одлуката на Собранието на Република Македонија за надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието На Република Македонија и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието На Република Македонија, број 07-2760/1 од 10 јули 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ број 104/2014)Државната изборна комисија на седницата одржана на 16 јули 2014 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНИ НА 27 АПРИЛ 2014 ГОДИНА НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ НЕ Е ИЗБРАН ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, А КОИ ОСВОИЛЕ НАЈМАЛКУ 1,5% ОД ВКУПНИОТ БРОЈ НА ГЛАСОВИ ОД ИЗЛЕЗЕНИТЕ ГРАЃАНИ НА НИВО НА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА

I. Надоместокот на трошоците на организаторите на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 27 април 2014 година од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија се исплатува и тоа на:

1. ВМРО - ДПМНЕ (ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО), СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА ПРАВДАТА, СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ, РАБОТ-

НИЧКО ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ, НОВА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА, ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ НА МАКЕДОНИЈА, ТАТКОВИНСКА МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА РАДИКАЛНА ОБНОВА-ВАРДАР-ЕГЕЈ-ПИРИН, МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, ВМРО-ДП (ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА), ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКИ СИЛИ НА РОМИТЕ, ДЕМОКРАТСКА БОШЊАЧКА ПАРТИЈА, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ, СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА УНИЈА, РОМИ ОБЕДИНЕТИ ОД МАКЕДОНИЈА),

- 481.615 добиени гласови X 15 денари = 7.224.225 денари,

2. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА - НСДП, ЛИБЕРАЛНО ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА-ЛДП, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА-ОМ, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА-ПДТ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ - ПЦЕР, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА - ССМ, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА-ДСВМ И САНЏАЧКА ЛИГА-СЛ,

- 283.955 добиени гласови X 15 денари = 4.259.325 денари

3. ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА – ДУИ,

- 152.255 добиени гласови X 15 денари = 2.283.825 денари,

4. ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДПА,

- 65.214 добиени гласови X 15 денари = 978.210 денари

5. КОАЛИЦИЈА ГРОМ,

- 30.849 добиени гласови X 15 денари=462.735 денари,

6. НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА-НДП,

-14.691 добиени гласови X 15 денари=220.365 денари.

II. Надоместокот на трошоците на организаторите на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 27 април 2014 година од чии листи на кандидати не е избран пратеник во Собранието на Република Македонија, а кои освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на изборна единица се исплатува и тоа на:

1. ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА (ВМРО - НП),

- 8.975 добиени гласови X 15 денари = 134.625 денари

2. ДОСТОИНСТВО ЗА МАКЕДОНИЈА,

- 50 добиени гласови X 15 денари=750 денари.

III. Износот од надоместокот од точка I и II на оваа одлука се исплатува согласно Одлуката на Собранието на Република Македонија за надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието На Република Македонија и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието На Република Македонија, број. 07-2760/1 од 10 јули 2014 година („Службен весник на Република Македонија" број 104/2014), на трансакциските сметки на организаторите на изборна кампања доставени до Државната изборна комисија со назнака „за Изборна кампања за Предвремени парламентарни избори 2014".

IV. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

V. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 07-2843/1 | Претседател |
| 16 јули 2014 година | на Државната изборна комисија, |
| Скопје | **Никола Рилкоски**, с.р. |

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3205.**

Советот на Јавните обвинители на Република Македонија, согласно член 9 т. 3 и член 48 став 1 од Законот за Советот на Јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник РМ" бр.150/07), на својата шеесет и четврта седница одржана на 16.7.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

I

Стефче Тасевски роден 19.5.1956 година, избран на 20.7.2009 година за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола со траен мандат, му се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола, поради сторени кривични дела Примање награда за противзаконито влијание по член 359 ст.7 в.в ст.3 и ст.2 в.в член 45 од КЗ и Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 ст.1 од КЗ, кои го прават недостоен за вршење на функцијата јавен обвинител согласно член 48ст.1 од Законот за Совет на јавните обвинители на Република Македонија.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос му престанува заклучно со 13.5.2014 година.

III

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ке се објави во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| СОР бр. 10/14 | Совет на јавните обвинители |
| 16 јули 2014 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | **Костадин Кизов**, с.р. |

**3206.**

Советот на Јавните обвинители на Република Македонија, согласно член 18 став 3 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник РМ" бр. 150/07) на одржаната шеесет и четврта седница на ден 16 јули 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

I

Лидија Раичевиќ Вучкова јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, упатена на 1.2.2014 година, со Одлука А.бр.39/14-5 да ја врши должноста јавен обвинител за време до 6 (шест) месеци во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, и се продолжува за уште 6 (шест) месеци да ја ишвршува функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција почнувајќи од 1.8.2014 до 1.2.2015 година.

II

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување на 1.8.2014 година.

Бр. 07-253/1
16 јули 2014 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов**, с.р.

---

**3207.**

Советот на Јавните обвинители на Република Македонија, согласно член 19 став 1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник РМ“ бр.150/07) на одржаната шеесет и четврта седница на ден 16.7.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ЗА ВРЕМЕНО УПАТУВАЊЕ ВО ДРУГО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НАЈМНОГУ ДО 6 (ШЕСТ) МЕСЕЦИ**

I

Љубомир Лапе јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово, времено се упатува, да ја врши должноста Основен јавен обвинител, за време најмногу до 6 (шест) месеци на Основното јавно обвинителство Крива Паланка, поради вонредно зголемениот обем на работата во Основното јавно обвинителство Крива Паланка, почнувајќи од 25.7.2014 до 25.1.2015 година.

II

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување на 25.7.2014 година.

Бр. 07-2541/1
16 јули 2014 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов**, с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3208.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), постапувајќи по барањето на Друштво за трговија, производство и услуги РАЛЕВ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 17.7.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата на Друштво за трговија, производство и услуги РАЛЕВ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Никола Парапунов бр.27 л/1-48 Скопје, за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФВЕЦ „РАЛЕВ СОЛАР“ издадена со Одлука УП1 бр. 07-56/14 од 16.6.2014 година, („Службен весник на РМ“ бр. 94/14) влегува во сила.

2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага неговото извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-56/14
17 јули 2014 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**Прилог 1**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштво за трговија, производство и услуги РАЛЕВ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Никола Парапунов бр.27 л/1-48 Скопје

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата**

17.07.2014 година

**4. Датум на важење на лиценцата**

17.07.2049 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ – 184.01.1/14

**6. Број на деловниот субјект** – 6836810

**7. Единствен даночен број** – 4057012519962

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во фотонапонска електроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**9. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала „РАЛЕВ СОЛАР“ на КП бр. 1226/43 КО Демир Капија, Општина Демир Капија.

**10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

**11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**12. Права и обврски за носителот на лиценца**

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштво за трговија, производство и услуги РАЛЕВ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Никола Парапунов бр.27 л/1-48 Скопје, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- за заштита при работа;
- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

**16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**Прилог 2**

VI. Податоци за фотоволтаичен систем приклучен на дистрибутивна мрежа:

1. име на фотоволтаичен систем – ФВЕЦ „РАЛЕВ СОЛАР“ со планирана моќност од 49,68 kW;

2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - на електродистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија АД Скопје, согласно решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа;

3. општи податоци:

- година на почеток на градба - 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година,
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем - 40 години.

4. податоци за опрема:

- број на фотоволтаични модули – 216 x 230 W,
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул - CHN 60P 230 Wp, Chinaland Solar Energy, Кина;
- Номинални податоци на фотоволтаичниот модул:
- Моќност на модул: 230 Wp,
- Напон на модул: 29,5 V,
- Струја на модул: 7,80 A,
- Вкупна инсталирана моќност: 49,68 kW.

5. тип, производител и номинални податоци на инвертор –Diehl Platinium 16000R3;

- Номинални податоци на инвертор:
- Максимална моќност на инвертор: AC 15 kW x 3.

6. годишно сончево зрачење на таа локација – 1780 kWh/m2;

7. очекувано производство на електрична енергија – 58.316 kWh – годишно

---

**3209.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), постапувајќи по барањето на Друштво за трговија, производство и услуги ПЕТРОВ СОЛАР ДООЕЛ Кавадарци, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 17.7.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Лиценцата на Друштво за трговија, производство и услуги ПЕТРОВ СОЛАР ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. ЈНА бр.26 Кавадарци, за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФВЕЦ „ПЕТРОВ СОЛАР“ издадена со Одлука УП1 бр. 07-57/14 од 16.6.2014 година, („Службен весник на РМ“ бр. 94/14) влегува во сила.

2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага неговото извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-57/14
17 јули 2014 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**Прилог 1**

## ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштво за трговија, производство и услуги ПЕТРОВ СОЛАР ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. ЈНА бр.26 Кавадарци

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата**

17.07.2014 година

**4. Датум на важење на лиценцата**

17.07.2049 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ – 185.01.1/14

**6. Број на деловниот субјект** – 6836372

**7. Единствен даночен број** – 30620140001596

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во фотонапонска електроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**9. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала „ПЕТРОВ СОЛАР“ на КП бр. 1226/44 КО Демир Капија, Општина Демир Капија.

**10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

**11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**12. Права и обврски за носителот на лиценца**

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштво за трговија, производство и услуги ПЕТРОВ СОЛАР ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. ЈНА бр.26 Кавадарци, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- за заштита при работа;
- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

**16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца,

Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**Прилог 2**

VI. Податоци за фотоволтаичен систем приклучен на дистрибутивна мрежа:

1. име на фотоволтаичен систем – ФВЕЦ „ПЕТРОВ СОЛАР“ со планирана моќност од 49,68 kW;

2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - на електродистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија АД Скопје, согласно решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа;

3. општи податоци:

- година на почеток на градба - 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година,
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем - 40 години.

4. податоци за опрема:

- број на фотоволтаични модули – 216 x 230 W,
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул – CHN 60P 230 Wp, Chinaland Solar Energy, Кина;
- Номинални податоци на фотоволтаичниот модул:
- Моќност на модул: 230 Wp,
- Напон на модул: 29,5 V,
- Струја на модул: 7,80 A,
- Вкупна инсталирана моќност: 49,68 кW.

5. тип, производител и номинални податоци на инвертор –Diehl Platinium 16000R3;

- Номинални податоци на инвертор:
- Максимална моќност на инвертор: AC 15 kW x3.

6. годишно сончево зрачење на таа локација – 1780 kWh/m2;

7. очекувано производство на електрична енергија – 58.316 kWh – годишно

**3210.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13 и 41/14), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство трговија и услуги ЕНЕРГО ВЕВЧАНИ с.Вевчани Вевчани, на ден 14.7.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 80/13 од 29.07.2013 година, на Друштвото за производство трговија и услуги ЕНЕРГО ВЕВЧАНИ с.Вевчани Вевчани, се продолжува до 29.1.2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-80/13
14 јули 2014 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2014109